Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штипзастапувано од Зоранчо Николови со Записник бр.ИП1 29-63од 26.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа начлен 200 од став 1 алинеја9),9) и 13 од Закон за животна средина(„Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25) и член 117 став1 од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25) донесе:

## РЕШЕНИЕ

**1.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип да изработи Елаборат за заштита на животната средина и истиот го поднесе до органот надлежен за одобрување и спроведување во МЖСПП.

**2.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип да изработи план а вонредини сотојби.

**3.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип да склучи договор со правен субјект за предавање на опасен отпад кој поседува Дозвола за таков вид на отпад и Договор со колективен постапувач.

**4.СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип да изработи танквана на локацијата каде се складираат маслата.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на ова Решение, изнесува **60(шеесет)** дена од ден на прием на Решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1,2 и 3 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 198 од став 1 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија"

бр. 89/2022 и 3/25) и член 116 став1 од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штипи со Записник бр. ИП1 29-63од 26.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

---

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Друштво за производство на гумени производи и трговија ТЕХНО-ГУМА Николов ДООЕЛ Штип по изаден Наредба за вонреден инспекциски надзор од Директоро на Државниот инспекторат за животна средина со бр. 02-70/1а по препраќање на надлежност за вршење на вонреден инспекиски надзор од страна на Општина Штип . Од направениот увид е констатирано дека горeспоменатиот правен субјект поседува Елаборат за заштита на животната средина одобрен со Решение од МЖСПП со бр. 11-11758/2 од 26.12.1012 година. Елаборатот за животна средина е одобрен пред донесување на законот за уредбата која е со бр. 111/2014 од 2014 година. Процесот на производство се одвива со примена на калсични и модерни технологии за обработка на гума при што се применува мерки за рационално користење на суровините и минимизирање на отпадот преку интерна рециклажа. Во процесот на производство се користат природна и синтетичка гима полимери и еластомери адитиви масла и вулканизациски реагенси и саги. Одговорното лице изјави дека начинот на затоплување во објектот е сменет од нафата на пелети. Местото каде се складира мслата кои се користат во процесот на производство нема танквана која сужи за собирање на маслото доколку дојде до истекување на истото.

На увид не доставија

-Договор за отпад од пакување

-Договор со колективе постапувач

- План за вонредни состојби

- Да изработи танквани на локација каде се складира масла

Од изјава на одговорното лице сме известени дека отпадната вода е повржана во фекална канализација, водата за процес на производство и санитарна вода се превзрема од ДПТУ Бобо комерц ДОО Штип. Исто така сме известени од одговорното лице дека маслото што се користи во процес на производство е само ново масло (не се користи отпадно масло). Хемикалиите кои се користат во процес на производство се чуваат во посебни пристории наменети за хемикалии која е обележана.

---

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 од Законот за жиовотна средина, а во врска со член 200 сав 1 од Законот за животна средина, член 116 став 1 од Законот за управувањењ со отпад и член117 став 1 од Законот за управување со отпад се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1 29-63од 02.02.2026**

**Државен инспектор за животна средина**

**Зоран Стојнев**

**М.П.**

---------------------------------------------------------

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.